Архивски знак: 2722
Рок на чување: 02 07 201 8 год.
Потпис,

Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ бр. 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16 и 165/17) директорот на Царинската управа на Република Македонија донесе:

# ОДЛУКА
## за измена и дополна на
## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се врши измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година бр.05–003388/18-0001 од 12.01.2018 г.
2. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се менуваат податоците** за набавките со број 51, 57 и 58 од основниот План за јавни набавки за 2018 година, и истите гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 51. | Внатрешно одржување хигиена во објекти на Царинска управа | | Мај | 8.568.000,00 | 10.110.240,00 | Отворена постапка | Двегодишна набавка |
| 57 | Реконструкција на пречистителни станици | | Август | 2.118.644,00 | 2.500.000,00 | Отворена постапка | |
| 58 | Реконструкција на топлотни подстаници | | Август | 2.118.644,00 | 2.500.000,00 | Отворена постапка | |

3. Годишниот план за јавни набавки за 2018 година, **се дополнува со нови набавкиа** кои гласат:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба без ДДВ (денари) | Проценета вредност на договорот/ рамковната спогодба со ДДВ (денари) | Вид на постапка | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Набавка на Веб пристап до платформа со бонитетни информации | | Јули | 211.864,00 | 250.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 2. | Набавка на тонери | | Јули | 272.881,00 | 322.000,00 | Постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас | |
| 3. | Набавка и монтажа на дизел агрегат-и за Царинска управа | | Јули | 1.271.186,00 | 1.500.000,00 | Отворена постапка | |

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и претставува составен дел на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година број 05–003388/18-0001 од 12.01.2018 година.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Одлуката за измена и дополна на Планот за јавни набавки за 2018 година се прави врз основа на следните доставени барања:

- Барање бр. 05-051067/18 - 0001 од 07.06.2018 година од Сектор за финансиски прашања со кое е побарано да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова јавна набавка - „Набавка на Веб пристап до платформа со бонитетни информации", со проценета вредност на договорот од 250.000,00 денари со вклучен ДДВ и со очекуван почеток на набавката во јуни 2018 година. Со набавката на Царинската управа ќе и се овозможи он-лине пристап до збирни деловни податоци на сите активни македонски копании. Овие податоци се од значење за постапкаите кои ги води Царинската управа за донесување на одлуки и одобренија.

Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број 05-003388/18-0027 од 18.06.2018 година, за новата набавка на на Веб пристап до платформа со бонитетни информации потребните средства се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018 година.

- Барање бр. 29-052173/18-0001 од 12.06.2018 година од Сектор за административни и технички работи со кое е побарано да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова јавна набавка - „Набавка на тонери", со проценета вредност на договорот од 322.000,00 денари со вклучен ДДВ и со очекуван почеток на набавката во јули 2018 година. Имено, за ново набавените принтери со набавката треба да се набават тонери кои не се опфатени со договорите за набавка на тонери бр.05-29553/16-0102 од 07.04.2017 година и бр.05-029553/16-0104 од 07.04.2017година.
  Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број број 05-003388/18-0027 од 18.06.2018 година, за новата набавка на тонери потребните средства се обезбедени со буџетот на Царинска управа за 2018 година.

- Барање од Сектор за административни и технички работи, со број 29-053011/18-0001 од 22.06.2018 година со кое е побарано:
  - да се изврши дополнување на Планот за јавни набавки со нова јавна набавка - „Набавка и монтажа на дизел агрегат-и за Царинска управа", со проценета вредност на договорот од 1.500.000,00 денари со вклучен ДДВ и со очекуван почеток на набавката во јуни 2018 година,
  - да се изврши промена на проценетата вредност на договорот и очекуваниот почеток за планираната набавка „Реконструкција на топлотни подстаници" (т. 58 во ПЈН) така да проценетата вредност на договорот изнесува 2.500.000,00 денари со ДДВ наместо 2.000.000,00 денари со ДДВ, а очекуван почеток на набавката да биде во месец август наместо во јуни 2018 година,
  - да се изврши промена на проценетата вредност на договорот и очекуваниот почеток за планираната набавка „Реконструкција на пречистителни станици" (т. 57 во ПЈН) така да проценетата вредност на договорот изнесува 2.500.000,00 денари со ДДВ наместо 1.500.000,00 денари со ДДВ, а очекуван почеток на набавката да биде во месец август наместо во мај 2018 година.

  Согласно дописот од Секторот за финансиски прашања број број 05-003388/18-0029 од 27.06.2018 година, потребните средства за предметните набавки ќе се обезбедат со буџетот на Царинска управа за 2019 година.

- Врз основа на Извештајот број 05-005975/18-0018 од 07.06.2018 година од Комисијата која ја спроведувала постапката за јавна набавка на Внатрешно одржување хигиена во објектина Царинска управа, износот на најповолната понуда ги надминува обезбедените финансиски средства за таа намена за 1.110.240,00 денари со вклучен ДДВ, заради што

потребно е дообезбедување на дополнитено потребните средства. Секторот за финасиски прашања со допис бр. 05-005975/18-0020 од 07.06.2018 достави позитивен одговор дека ќе се планираат и дообезбедат вкупно потребните средства за предметната набавка.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Број 05-003388/18 – 0030
Скопје 02. 07. 2018 г.

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Александар Петковски

Доставено во оригинал до:
- Одделение за јавни набавки,
- Архива

Доставено преку ЕДМС до:
- Директор
- Заменик директор
- Советници на директор
- Сектор за сметководство и финансии,
- Сектор за управување со човечки ресурси
- Сектор за царински систем
- Сектор за ИКТ
- Сектор за контрола и истраги
- Сектор за професионална одговорност
- Сектор за акцизи и нетарифни мерки
- Сектор за правни работи